24
1455

# Удрени се темелите
# НА МАКЕДОНСКАТА ФЕДЕРАЛНА ДРЖАВА
# во нова демократска и федеративна
# ЈУГОСЛАВИЈА

Штампарница „Гутенберг“ — Битола

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

## УДРЕНИ СЕ ТЕМЕЛИТЕ

# НА МАКЕДОНСКАТА ФЕДЕРАЛНА ДРЖАВА

## ВО НОВА ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

На 2 август 1944 година — Илинден — се свика првото историско Антифашиско Собрание на Народното Ослободуење на Македонија — АСНОМ. 122 полноправни представители, синови и ќерки на македонскиот народ испитани низ маките и искушенијата на народно-ослободителната борба, собрани на своето прво заседание во манастирот „Св. Прохор Пчински", во присаствие на делегатите: од Врховниот Штаб на Маршал Тито, војните сојузнички мисии и на Главниот штаб на Србија, ја изразија суверената воља на својот народ и ги донесоја следните решенија:

1. Македонија је прогласи за федерална држава во нова демократска федеративна Југославија.
2. Народното собрание се конституира во врховно законодателно и исполнително представителство на македонската федерална држава.
3. Се донесе декларација, со која се гарантира слобода и равноправност на секој граѓанин и граѓанка во Македонија, без разлика на вера, националност и политичка припадност, право на секој граѓанин и граѓанка над 18 години да избира и да биди избран, слобода на совеста и вероисповеданието, право на бесплатна просвета итн.
4. Се формира Президиум на АСНОМ со функции на привремено народно представителство на македонската федерална држава.
5. Македонскиот народен јазик се воведува како служебен јазик.
6. Илинден, 2 август, се прогласува за народен и државен празник во Македонија.
7. Се формира комисија за испитување војните злодејствија, направени од окупаторите и нивните слуги.
8. Се формира комисија за изработување законски проекти на македонската федерална држава.
9. Се избраја 40 представители на македонскиот народ за Антифашиското Веќе на Народното Ослободување на Југославија и неговиот Президиум.

### МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Со овија основни историски решенија се удрени темелите на македонската федерална држава. Това се први плодови на твојата тригодишна народно-ослободителна борба, това се првите плодови на братството и единството со другите народи на Југославија. Овија плодови представуват остварување на вековните идеали на нашиот народ.

### МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Антифашиското Собрание на Народното Ослободување на Македонија е одржано во најжестокиот бој во оваја војна, кога се кинат фашиските синџири, кога геројската Црвена армија наступва кон Берлин а мошните сојузнички армији настапуват од запад и југ на Париз и Германија, кога нашата јуначка народно-ослободителна војска на Југославија навлегува во последен бој со фашистките окупатори. Во оган и крв на развихрената и решаваштa битка, во зората на победата македонскиот народ преку своето Антифашистко народно собрание си ја кажа думата за својата судба.

Фашистките окупатори и нивните слуги се пред пропаст, ама ги превземат сите мерки како би го одложиле своето пропаѓање. Они изнајдуват нови трикови како би го задржале македонскиот народ мирно да поднесува фашискиот јарем. Ванчо Михајлов и неговата група, издајници и крвници на македонскиот народ готват платени банди да по истегљувањето на бугарските фашиски војски ја завладејат Македонија за сметка на Хитлер или некој друг господар. Од друга страна това исто се готви и од најголемиот издајник и слуга на Хитлера Милан Недиќ, кој се токми да умаршува во Македонија и да го обнови големосрпското ропство.

25
1455

# МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! РОДОЉУБИ и РОДОЉУБКИ!

Слободата е на прагот! Темелите на нашата федерална држава се удрени! Ама баш није сите требе да бидеме на штрек. Сега баш треба да се прибериме сите во Народно-ослободителниот фронт на Македонија, во нашата Народно-ослободителна војска за да сачуваме придобивките на досегашната борба. Краен е час за секој еден Македонец да го отфрли секое колебание и тргне во последен бој за слобода на нашиот вековно поробен народ.

Во името на новата македонска држава, во името на нејното изградување ние ви викаме:

Уште повеќе зацврснете го единството на целокупниот македонски народ преку Народно-ослободителниот фронт на Македонија — единството, кое ти овозможи создавањето на македонската држава, — единството, које ќе ти ја сочува таја држава!

Стани целиот на воражено востание и навлези во својата Народно-ослободителна војска на Македонија, војската која ти создаде држава и која ќе знае да ти ја сочува! Разрасни ги што по скоро своите бригади во мошни дивизии и корпуси!

Уште посилно пристапите на формирањето кон Народно-Ослободителните одбори, органите на новата народно-демократска власт, преку која треба да се соберете за изградувањето на новата македонска држава!

ДА Е ЖИВА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА!

ДА Е ЖИВО АНТИФАШИСКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА.

**Президиум на Антифашиското Собрание на Народното ослободување на Македонија.**

*Председател:* **Методи Андонов-Ченто,** *трговец од Прилеп. Потпредседатели:* **Панко Брашнаров,** *учител од Велес и* **Емануил Чучков,** *директор на гимназија од Штип. Секретари:* **Љубчо Арсов,** *банк. чин. од Штип и др.* **Владимир Полежиновски,** *правник од Кичево. Членови:* **Венко Марковски,** *поет од Скопје;* **Цветко Узуноски,** *работник од Преспа;* **Богоја Фотев,** *земљеделец од с. Бистрица (битолско); ген.-мајор* **Михаил Апостолски,** *командант на НОВ и ПО на Македонија од Штип;* **Страхил Гигов,** *нач. персон. отдел на Гл. штаб од Велес;* **Петре Пирузев,** *адвокат од Охрид;* **Кирил Петрушев,** *работнкк од Скопје;* **Иван Јоргов,** *свештеник од с. Дреново (кавадарско);* **Епамимонда Поп-Андонов,** *професор од Струмица;* **Генадие Лешков,** *земљеделец од с. Дреново (бродско);* **Кемал Аголи,** *студент од Дебар;* **Лазар Соколов,** *економист од Куманово;* **Вера Ацева,** *домакинка од Прилеп;* **Камбер Хасан,** *земљеделец од с. Д. Дисан (неготинско);* **Ацо Петровски,** *којач од Скопје;* **Младсн Георгиев Челопечки,** *земљеделец од с. Челопек (кумановско);* **Љиљана Чаловска,** *ст. од Битола.*

**ЧЛЕНОВИ НА АСНОМ:**

Тетово:

Тодор Циговски, работник
инж. агр. Јордан Блажевски

Кичево:

Злате Кленовски, земљеделец
Д-р Владо Полежиновски, јур.

Галичник:

мајор Тихомир Милошевски ком. на III-та мак. бригада
Јелисије Поповски, банк. чин.
Мино Минов, работник
Ристо Гојајковски, земљодел.

Гостивар

Чедо Филиповски, работник
Александар Георгиев, инж.
Видоје Смилевски, банк. чин.

Дебар:

Киро Стојанов, свештеник

Ресен:

подпор. Наум Васлиевски, зам. ком. на III-та бригада
Јонче Трпевски, работник
Георги Ивановски, учител
Илија Божиновски, чинов.

Битола:

др. Киро Миљовски, вет. лек.
ваз. мајор Вангел Чукаловски ком. на I-ва удар. бригада
капетан Коста Јашмаков, н-к на штабот на III уд. бригада
Васил Караангеловски, зам. ком. на IV-та макед. бриг.
Нафи Сулејман, земљеделац,
Илија Илијевски, адвокат

Крушево:

Томо Кутурец, чиновник
Наум Наумовски, полком на II-та ударна бригада

Велес:

Бано Андреев Ронков, пол.ком

на гл. штаб на Македонија
Благоја х. Панзов, адвокат
Благоја Левков, адвокат
Мино Богданов, чиновник
Маца Карбева, домакинка
Стоилко Иванов, учител

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Неготино:

пор. Лазо Калајџиев,
Најдо Стаменин, работник
Лазо Мојсов, студент
Боро Чаушев, работник

Струмица:

Благоја Минков, работник
Борис Поцков, типог. раб.

Радовиш:

Благоја Тошевски, чиновник

Штип:

Кирил Глигоров, адвокат
Исак Сион, чиновник
Димче Беловски, чиновник

Кочани:

Никола Вражиловски, канд. адвокат

Виница:

Киро Михајловски, пол. ком. на IV-та макед. бригада

Берово:

Страхил Ѓајовски, учител

Скопие:

потпол. Панче Неделковски, зам. Ком. на Гл. штаб
Петар Богданов-Кочко, композитор
Милева Сабо, работничка
Кемал Сејфула, занатчија
Асен Симитчиев, канд. адв.
др. Димитар Миовски, лекар
Тодор Стојанов Звездин, суд. п. пук.
Душан Лукаров, работник
инж. агр. Славко поп-Антовски
Борис Атков, чиновник

Прешево:

Абдула Алија, работник

Охрид;

Лалар Гиновски, земљеделец
Кирил Чаулев, студент

Струга:

Владо Малевски, студент
Васил Калајџоски, судија

Прилеп;

инж. арх. Кирил Георгиевски
Борко Темелков, работник
Димче Миревски, професор
Милан Стефанов, земљод.
поруч. Методи Поповски, ком. на II-та бригада
Тодор Ношпал. трговец
Петар Михајлов Тиквар, работник
Даре Джамбазов, апотекар
Кирил Крстев, работник

Свети Николе:

Ванчо Бурзевски, чиновник
Лазар Кулишев, работник

Кавадарци:

Никола Минчев, банк. чин.
мајор Димче Туриманџовски пом. нач. на гл. шт. на Мак.
Иван Радњански, земљедел.
Методи Џунов, земљедел.

Гевгели:

Ристо Ѓајалџалиев, чиновник
Димитар Зафиров, журнал.
пор. Иван Танев, ађутант на Гл. штаб
Олга Перушева, домакинка
Јанко Шопов, техник
Атанас Бојков, ком. струм. отред
Никола Пеев, работник
Димитар Теменугов, п. ком. стр. од.

Куманово:

Мара Нацева, работничка
Веселинка Малинска, чин.
Гојчо Стефков, работник
Вазд. пор. Боро Равњански
Борис Чушкаров, пол. ком. на III-та уд. бригада
Стојан Тодоровски, чиновн.

Кратово:

др. Никола Мицев, вет. лек.
пор. Боро Милевски, ком. на IV-та бригада

Крива Паланка:

Трајко Цветанов, студент
др. Боро Арсов, адвокат

Петрич:

Атанас Атанасов, работник
Васил Василев, работник

Костур:

Димитри Мандовски, зем.
Васил Ивановски, работник

Кукуш:

Димитар Влахов, публицист

Дебарца:

Лазар Гиноски, земљеделец